Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 93, 3 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија” од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ........ 163

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ / АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАУМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на чл. 132 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08 и бр. 26/09, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), а согласно со член 32, став 1 според Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, по завршување на рокот за пријавување на кандидати на Конкурсот за избор на ***помлад асистент/асистент*** специјалист за научната област ***трауматологија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 6.7.2012 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 10.8.2012 година, ја донесе следнава Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Ѓорѓи Зафировски,
– проф. д-р Глигор Џолев,
– проф д-р Андреја Арсовски.

По разгледувањето на доставената документација, а и од личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 6.7.2012 година се пријави еден кандидат и тоа:

1. д-р м-р Константин Митев, вработен во Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје.

***Биографски податоци***

**Д-р Константин Митев** е роден на 11 мај 1973 год. во Скопје, основно и средно образование завршува во Скопје, со одличен успех. Се запишува на Медицинскиот факултет во Скопје во 1991 год,, како прва генерација на шестгодишната студиска програма. Дипломира во 1997 год. со просечна оценка од 8,5. По завршувањето на студиите го поминува лекарскиот стаж во Здравствениот дом - Скопје, а во 1998 год. е примен во редовен работен однос во Градската општа болница, Клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

Во периодот од март 1999 год. до декември истата година го отслужува воениот рок во Скопје.

Од јануари 2000 год. па сè до добивањето на специјализацијата во февруари 2001 год. работи како секундарец на Одделот за трауматологија во Градска болница. Специјалистичките турнуси ги завршува според курикулумот на Медицинскиот факултет за специјализација по општа хирургија. Специјалистичкиот испит го положува во април 2005 год. од кога работи како специјалист хирург на Одделот за трауматологија во истата болница.

Во јуни 2003 год. престојува на едномесечен стручен престој во Клинички центар - Љубљана на Трауматолошката клиника под менторство на проф. д-р Мартин Тонин.

Има завршено базичен и напреден курс за остеосинтеза под покровителство на АО групацијата.

Во 2006 год. Завршува напреднат курс за артроскопија во Оточец, Р.Словенија.

На 27 април 2007 година се здобива со звањето помлад асистент на Катедрата по хирургија на Медицинскиот факултет.

Во септември 2009 година поминува едномесечен студиски престој на Клиниката за спортска трауматологија во Ухинген, Германија, каде што и ја изведува првата трансплантација на зглобната 'рскавица.

Постдипломските студии по трауматологијата ги завршува со просечна оценка 10.0. На 20 април 2010 година со одбрана на својот магистерски труд на тема „Артроскопска евалуација на лезиите на артикулирачка 'рскавица" се стекнува со назив магистер на медицински науки.

Активен член е на Светската интернационална асоцијација за артроскопија и спортска медицина (ISAKOS) и Германската асоцијација за артроскопија (АГА).

Во земјава е член на Лекарската комора на Мекедонија и Македонската асоцијација на ортопеди и трауматолози како координатор на Траума форумот.

Активен член е на Истражувачкиот комитет при националната Фондација за трансплантација на Р.Македонија.

Учествува на многу конгреси и стручни состаноци во фржавата и надвор од неа, како автор или коавтор на стручни трудови, што може да се види од приложените сертификати.

**Список на рецензирани трудови** ***(Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје бр.894 од 2006 год., 918 оd 2007 год , 938 од 2008 год. и 969 од 2009 год. и бр.1003 од 2011 година):***

1. **ФРАКТУРИ НА ПРОКСИМАЛЕН ХУМЕРУС**
   **д-р К. Митев, д-р С. Вучков, д-р Н. Настов, д-р Г. Алексовски**
   **Интернационален конгрес во Прага, Р.Чешка, 2004 г.**

Трудот е ретроспективна студија во период од пет години, при што се компарирани минимално инвазивната остеосинтеза во однос на ригидната остеосинтеза. Анализирани се 48 пациенти од кои 33 се оперирани со минимална инвазивна остеосинтеза, а 15 со ригидна фиксација. Функционалната евалуација на рамениот зглоб беше вреднувана по констант скор. Вредностите на минимално инвазивната остеосинтеза изнесуваа 85 бода, а кај ригидната фиксација 75 бода. Минималната остеосинтеза беше следена со помал број постоперативни компликации околу 18%, од кај ригидната фиксација 30 %.

2. **МИНИМАЛНА ИНВАЗИВНА ОСТЕОСИНТЕЗА НА СУБТРОХАНТЕРНИ ФРАКТУРИ**
   **д-р К. Митев, д-р С. Вучков, д-р Н. Настов, д-р Г. Алексовски**
   **Интернационален трауматолошко-ортопедски конгрес во Хаифа, Израел, 2005 г.**

Трудот е ретроспективна студија во период од 2 години, на 15 пациенти кај кои е употребен методот на минимална остеосинтеза во третманот на субтрохантерните фрактури. Техниката се состои во перкутана инсерција на имплантите низ две инцизии, проксимална и дистална, под ртг мониторинг, т.н. метод на биолошка остеосинтеза. Користени се импланти (Dhs и Dcs) по стандарна процедура. Минималната остеосинтеза ја намалува инциденцата на инфекција, ја зачувува васкуларноста и зараснувањето на фрактурата посебно кај коминутивни скршеници.

3. **ИНТЕНЗИВНА НЕГА И ТРЕТМАН НА ПОЛИТРАУМАТИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ**
   **д-р С. Вучков, д-р К. Митев, д-р Н. Настов, д-р Алексовски, д-р Ивановски**
   **Интернационален конгрес на ургентна медицина во Приштина, Косово, 2006 г.**

Во трудот е анализиран алгоритмот при третманот на политрауматизираните пациенти во Одделениото за интензивно лекување и реанимација. Даден е приказ на основните начела во третманот на овие пациенти, опремата во овие единици, како и раководењето на тимот што учествува во лекувањето на овие пациенти.

Анализирани се фазите во третманот на политрауматизираните пациенти, мултидисциплинираноста во траума тимот и правилната употребата на опремата во одделите за интензивно лекување.

4. **МИНИМАЛНА ИНВАЗИВНА ОСТЕОСИНТЕЗА НА ДОЛГИ КОСКИ**
   д-р С.Вучков, д-р К.Митев, д-р Н.Настов, д-р Алексовски, д-р Ивановски
   Интернационален конгрес на ургентна медицина во Приштина, Косово, 2006 г.

Во трудот е даден приказ на методот на минималната перкутана остеосинтеза со плочка во третманот на фрактурите на долгите коски. Прикажани се фрактури на хумерус, фемур и тибиа третирана со оваа метода. Техниката се состои во перкутана инсерција на остеосинтескиот материјал-плочка низ две инцизии, проксимална и дистална, под ртг-мониторинг. По воведувањети на интерна фиксација се смета дека проблемот е решен, но сè уште постојат типови на фрактури кои не можат да бидат така решени па методата на минимална инвазивна остеосинтеза се покажа како корисна.

5. **ДИЛЕМИ ВО ТРЕТМАНОТ НА СКРШЕНИЦИТЕ НА ДИСТАЛНИОТ ХУМЕРУС**
   **Караџинов А., Вучков С., Камиловски В., Настов Н., Митев К., Алексовски Г., Мајсторов А.**
   **Втор конгрес на хирурзи на Македонија, Охрид, 2000 год.**

Прикажани се 42 пациенти со интеркондиларни скршеници на хумерусот. Дилемите во овој труд се однесуваат на итноста на оперативниот третман, пристапот, типот на остеосинтезата, како и времето на почнувањето на рехабилитацијата. Потенцирана е итноста на оперативното лекување, стабилноста на остеосинтезата која е предуслов во третманот при рехабилитацијата.

6. **УПОТРЕБА НА ВОЛТАРЕН РАПИД ПРИ ДИСТОРЗИИТЕ НА СКОЧНИОТ ЗГЛОБ**
   **Вучков С., Камиловски В., Митев К., Настов Н., Алексовски Г.**
   **Лекарски семинар, Велес, 2000 год.**

Анализирани се 20 пациенти со повреда на скочниот зглоб. Кај сите пациенти е аплициран ВОЛТАРЕН РАПИД во провиот час по повредата. Следени беа клинички и лабораториски параметри, при што беше констатирано дека употребата на ВОЛТАРЕН РАПИД во третманот на овие повреди обезбедува брзо намалување на болката, минимални гастрични тегоби, како и никакви лабораториски нарушувања.

7. **КОМПЛИКАЦИИ ОД ИМПЛАНТИТЕ ПРИ ТРЕТМАН НА ПЕРТРО-ХАНТЕРНИ ФРАКТУРИ**
   Вучков С., Мајсторов А., Камиловски В., Митев К., Настов Н., Алексовски Г.
   **Hip Congress 2000 “Proximal femoral fractures - State of the art“ Amsterdam, Holland 2000**

Во трудот е прикажана ретроспективна студија во период од 10 години при што се анализирани 261 случај од оперативно третирани пациенти. Компаративната анализа содржи три најчесто употребувани имплантати во третманот на интертрохантерните фрактури, при што најголеми компликации беа забележани кај групата оперирани со Ендерови клинови (27,2%); аголни плочки (7%), додека кај групата оперирани пациенти со ДХС компликациите беа најниски (1,4%).

8. **ДИЛЕМИ ВО ТРЕТМАНОТ НА ФРАКТУРИТЕ НА ПРОКСИМАЛНИОТ ХУМЕРУС**
   **Вучков С., Мајсторов А., Камиловски В., Митев К., Настов Н., Алексовски Г.**
   **Втор конгрес на хирурзите на Македонија со меѓународно учество, 2000 год.**

Во трудот се прикажани дилемите во треманот на фрактурите на проксималниот хумерус и претставува ретроспективна студија која опфаќа 80 хоспитализирани пациенти во период од пет години од 1996 до 2000 год. Оперативно третирани биле 32,5% од кои

најчести користени имплантати во третманот биле перкутана фиксација со К -игли (42,3%); Т-плочка (42,1%); интрамедуларна остеосинтеза (11,5%) и друг тип на фиксација (3,8%). Класификацијата на фрактурите е по АО системот.

**9. УПОТРЕБА НА СЕПТОПАЛ ВО ПРЕВЕНЦИЈА НА ИНФЕКЦИИТЕ ПРИ ОТВОРЕНИ ФРАКТУРИ НА ПОТКОЛЕНИЦАТА**
**Вучков С., Мајсторов А., Камиловски В., Митев К., Настов Н., Алексовски Г.**
**XV Конгрес на лекарите на Македонија, 1999 год.**

Во трудот се анализирани 46 пациенти во период 1995-1998 година со здобиени отворени фрактури на потколеницата. Класификацијата на фрактурите беше вршена по Густилло-Андерсон. Посебно беа анализирани случаите со отворена фрактура на потколеницата од трет степен, каде што беше аплициран СЕПТОПАЛ. Посттрауматскиот остеитис презентиран кај еден болен кај кој по направената конверзија на остеосинтезата од надворешен фиксатор во неримуван клин за тибија.

**10. A*DULT POSSIBILITES AFTER TOTAL KNEE REPLACEMENT***
**Konstantin Mitev**, Dimitar Jontchew, Michael Soudry
26 International Jerusalem Simposium of Sports medicine-Izrael 2010

Во оваа ретроспективна мултицентрична студија авторите ги евалуираат резултатите од обработени 300 пациенти со тотална протеза на колено и 160 со уникондиларна протеза на колено во период од три години. Имплантирани биле цементни nex gen knee for tricompartmental destruction and allegretto во случај на уникондиларни протези. На пациентите им било дозволено спортови како пешачење, лесно трчање, велосипедизам и играње голф, а им биле забранети контактни спортови. Резултатите покажале дека три четвртини од испитаниците се вратиле на претходните спортски активности. Најголем процент 85% од нив биле уникондиларните протези.

**11. *AUTOLOGOUS CHONDROCITE IMPLANTATION IN KNEE CARTILAGE REPAIR –ARTHRO-cell 3D***
**Konstantin Mitev**, Dimitar Jontchew
The 2nd International Sports Medicine Symposium –Palic 2010

Во трудот авторите евалуирале 17 пациенти со лезии на зглобната ’рскавица на коленото со клинички follow up од две години кога биле третирани со автологна хондроцитна трансплантација од трета генерација –артросел. Процедурата опфаќала два стадиума, и тоа биопсија на здрава ’рскавица со последователна експанзија in vitro во клиничка лабораторија во Потсдам, Германија и втора процедура - на апликација на хондроцитната култура со мини артротомија. Резултатите биле одлични кај 85% од испитаниците со единечна ’рскавична лезија на медијалниот феморален кондил.

**12. PROGNOZING OUTCOME AT THE PATIENTS WITH SEVERE TRAUMA ;ANALYSIS OF THE DATA FROM HOSPITAL TRAUMA REGISTRUP** (HTR).
Sosolceva M, Trojik T, Nastov N, **Mitev K**, Aleksovski G, Kasapinova K**.** Third International Congress of Macedonian Association of Orthopaedics and Traumatology. Abstract book 2009:106-107

Оваа студија ги анализира податоците од Болничкиот траума регистар (БТР) на Клиниката за хируршки болести „Св.Наум Охридски” во Скопје кој опфаќа повеќе од 8.000 пациенти од 2000 година. Даден е процентуалниот сооднос според механизмот на повредата, како и според причината за смрт. Според анализата на податоците од БТР најважни прогностички фактори за исходот кај пациентите биле Injury Severity Score, Глазгов кома скалата, базниот ексцес и иницијалното парцијално протромбинско време. Регистрирана е и промена на трендот на примарното тотално згрижување на сите повреди со долготрајни оперативни интервенции во damage control оперативни процедури со кои оперативното време се скратило за 50%, а стапката на преживување се зголемила за 20-77%.

**13. KNEE CHONDRAL LESIONS : INCIDENCE AND CORRELATION BETWEEN ARTHROSCOPIC AND MAGNETIC RESONANCE FINDINGS**

**Mitev K**, Vuckov S, Kamiloski V, Nastov N, Aleksovski G, Kasapinova K, Ivanovski M. Third International Congress of Macedonian Association of Orthopaedics and Traumatology. Abstract book 2009: 79-80.

Трудот е ретроспективна студија за корелација во период од две години кој е спроведен на рандомизиран примерок. Студијата е правена од ист хируршки тим, магнетната резолуција на апарат со резолуција од 0.5 тесла, а наодите се читани од квалификуван радиолог. Инциденцата на рскавични лезии е 47%, а корелација на артроскпскиот наод со наодот на магнетната резонанца или сензитивност е 36%.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Правилникот за единствените критериуми за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, чл. 16 од Правилникот, став 2, алинеја 3, како и од резултатите во наставно-образовната и научноистражувачка дејност, кандидатот **д-р м-р Константин Митев** ги исполнува сите законски и други услови за избор на асистент од областа трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Земајќи ги предвид сите овие факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го предложи кандидатот **д-р м-р Константин Митев за избор во соработничко звање асистент од областа трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ѓорѓи Зафировски, с.р.**
**Проф. д-р Глигор Џолев, с.р.**
**Проф. д-р Андреја Арсовски, с.р.**